

Во овие моменти кога нашата држава е погоедна од епидемијата од Корона вирусот, хуманата помош од општествено одговорните компании од нашата општина секогаш е добредојдена.
Имено, за потребите на ЈП „ Комуналец “ Неготино но вооедно и за доброто на сите граѓани од нашата општина , компанијата ДППТУ „ Корона Душко ДООЕЛ “ експорт-импорт  Неготино донираше атомизер со кој ќе се врши дезинфекција во град Неготино.
Општина Неготино упатува голема благодарност за оваа донација, а воедно ги повикуваме и сите останати фирми и граѓани од општината кои сакаат да помогнат во овие моменти да донираат и помогнат на било кој начин и да го спречиме ширењето на корона вирусот.





